# ЗАКОН

# ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО КРЕДИТ КАЈ МЕЃУНАРОДНОТО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ, ИДА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ПРЕСТРУКТУИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ СЕКТОР И СЕКТОРОТ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА, ФЕСАЛ 2

**Член 1**

Република Македонија се задолжува кај Меѓународното здружение за развој (ИДА) со кредит во износ од 20 милиони американски долари наменет за реализација на Проектот за преструктуирање на финансискиот сектор и секторот на претпријатијата.

**Член 2**

Условите и начинот на користење на кредитот од член 1 на овој закон се утврдуваат со Договор за кредит по Проектот за преструктуирање на финансискиот сектор и секторот на претпријатијата кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Меѓународното здружение за развој.

Во име на Република Македонија договорот од став 1 на овој член ќе го потпише Министерот за финансии или од него овластено лице.

**Член 3**

Рокот на отплата на кредитот од член 1 на овој закон е 35 години со вклучен грејс период од десет години.

Кредитот се отплатува во полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 15 јуни и 15 декември секоја година, почнувајќи од 15 декември 2010 и заклучно со 15 јуни 2035.

Секоја отплата на главница од 15 јуни 2010 до 15 јуни 2020 ќе изнесува 1,25% од износот на главницата на кредитот, а секоја отплата од 15 декември 2020 до 15 јуни 2035 ќе изнесува 2,5% од износот на главницата.

Кредитот е бескаматен.

**Член 4**

На неповлечените средства од кредитот се плаќа провизија по стапка што ја пропишува Меѓународното здружение за развој (ИДА) на 30 јуни секоја година, но не поголема од 0,50% годишно. Провизијата се пресметува 60 дена од денот на влегувањето во сила на договорот од член 2 на овој закон до денот на повлекувањето на средствата.

На повлечените средства од главницата на кредитот што пристигнува за плаќање се плаќа провизија за услуги по стапка од 0,75% годишно.

Провизијата од ставовите 1 и 2 на овој член се плаќа полугодишно и тоа на 15 јуни и 15 декември секоја година.

**Член 5**

Република Македонија кредитот од член 1 на овој закон ќе го отплатува од Буџетот на Република Македонија.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".